# ПОЛИТИКА НА ПРИВАТНОСТ

Оваа политика на приватност („**Политика на приватност**“) објаснува како **МИДА Гранд Моторс** како контролор на податоци („**Контролор**“, „ние“, „нас“, „нам“ или „наш/а/е/и“) собира, користи и открива лични податоци. Лични податоци се кои било информации кои сами по себе можат да ве идентификуваат како поединец и кои можат индиректно да бидат поврзани со вас преку поврзување со информации со кои се идентификува едно лице. Исто така, обработуваме и анонимни податоци, збирни или не, за да ги анализираме и на нашите клиенти да им дадеме статистика во врска со навиките, матриците на користење. Таквите анонимни податоци не дозволуваат идентификација на клиентите. Исто така, можно е да споделуваме анонимни податоци со трети страни.

ВАЖНО! Оваа Политика на користење колачиња се издава од страна на независен давател на услуги. Ниедна филијала или подружница на Ford Motor Company не е вклучена во обработката на податоците како контролор или обработувач на податоци. Во случај Ford Motor Company или некоја од нејзините подружници да учествуваат како примател во операција за обработка, овие информации ќе бидат посебно наведени во оваа Политика за приватност.

Ако сакате повеќе да не добивате пораки од нас или сакате да го искористите правото како субјект на податоци како што е наведено подолу, ве молиме да ни се обратите преку имејл на **contact@ford.com.mk** **ИЛИ** Бул. „Босна и Херцеговина“ бр. 1, Скопје, Р. Северна Македонија.

## 1. ИЗВОРИ НА ПОДАТОЦИТЕ ШТО ГИ ОБРАБОТУВАМЕ

Може да собираме и добиваме различни информации од вас, како што е опишано подолу. Ако не ги обезбедите вашите лични податоци кога ќе се побара од вас, можеби нема да можете да ги користите нашите услуги ако тие информации се неопходни за да ви ги обезбедиме услуги или ако сме законски обврзани да ги собираме. Можеби ќе ги обработуваме вашите податоци само во текот на еден период што е потребен за да се остварат целите за кои сме ги собрале, вклучувајќи и следење законски барања, барања за известување или ревизија. Оттука, овие потреби може да варираат за различни типови податоци во контекст на различни производи, реалните периоди на задржување може значително да варираат врз основа на критериуми како што се очекувањата на

корисниците или согласноста, чувствителноста на податоците, достапноста на автоматизирани контроли кои им овозможуваат на корисниците да бришат податоци, као и нашите законски или договорни обврски.

## ЦЕЛ НА ОБРАБОТКАТА НА ПОДАТОЦИ

| |
|---|
| **2.1 Пријавете се за тест возење** |
| **Опсег на обработени лични податоци**: вашето име (име и презиме), телефонски број и имејл адреса. Можете да дадете своја согласност за маркетиншки цели и во согласност со 2.4 од оваа Политика на приватност.<br>**Законска основа за обработка на податоци**: легитимен интерес на Контролорот во согласност со член 6 (1), точка ѓ) од ОРЗП (Општа регулатива за заштита на податоци) за исполнување на вашето барање во врска со можноста за тест возење.<br>**Цел на обработката на податоци:** обработката што е поврзана со користењето на услугата, како што е обезбедување опција за тест возење или стапување во контакт со вас за закажување состанок.<br>**Рок за обработка на податоците**: важечкиот период на обработка е 3 месеци од датумот на користењето на услугата ако немаме друга законска основа за обработка на вашите податоци (на пример, ако не стапите во договорна врска со нас).<br>**Пренос на податоци:** може да ги пренесеме вашите податоци на локален давател на услуги за да го исполниме вашето барање. |
| **2.2 Резервирајте услуга** |
| **Опсег на обработени лични податоци:** вашето име (име и презиме), телефонски број и имејл адреса, детали за вашето возило како што се година на производство, модел на возило, регистарски број и километража во тој момент.<br>**Законска основа за обработка на податоци:** легитимен интерес на Контролорот во согласност со член 6 (1), точка ѓ) од ОРЗП во врска со потребата да обезбедиме такви услуги по ваше барање.<br>**Цел на обработката на податоци:** обработка што е поврзана со користењето на услугата, вклучувајќи и закажување состаноци.<br>**Рок за обработка на податоците**: важечкиот период на обработка е 3 месеци од датумот на користењето на услугата ако немаме друга законска основа за обработка на вашите податоци (на пример, ако не стапите во договорна врска со нас). |

**Пренос на податоци:** може да ги пренесеме вашите податоци на локален давател на услуги за да го исполниме вашето барање.

**2.3 Обезбедување контакт**

**Опсег на обработени лични податоци:** вашето име (име и презиме), телефонски број и имејл адреса. Можете да дадете своја согласност за маркетиншки цели и во согласност со 2.4 од оваа Политика на приватност.

**Законска основа за обработка на податоци:** легитимен интерес на Контролорот во согласност со член 6 (1), точка ѓ) од ОРЗП**.** Сметаме дека имаме легитимен интерес да стапиме во контакт со лица кои се заинтересирани за нашите услуги и производи. Никогаш не контактираме со вас директно со понуди без ваша согласност според 2.4 од оваа Политика на приватност.

**Цел на обработката на податоци:** обезбедување опции за контакт во врска со нашите услуги и понуди.

**Рок за обработка на податоците:** важечкиот период на обработка е 3 месеци од датумот на користењето на услугата ако немаме друга законска основа за обработка на вашите податоци (на пример, ако не стапите во договорна врска со нас).

**Пренос на податоци:** нема пренос.

**2.4 Информирајте ме - согласност за маркетинг**

**Опсег на обработени лични податоци:** вашето име (име и презиме), телефонски број и имејл адреса.

**Законска основа за обработка на податоци:** согласност од субјектот на податоци во согласност со член 6 (1), точка а) од ОРЗП. Согласноста може да се повлече во секое време со испраќање изјава до Контролорот.

**Цел на обработката на податоци:** можеби ќе добивате маркетиншки информации за нашите услуги и производи преку телефон, СМС пораки или имејл,

**Рок за обработка на податоците**: во секое време можете да ја повлечете својата согласност за обработката. Можеме да ги обработуваме вашите лични податоци сè додека не ја повлечете својата согласност.

**Пренос на податоци:** нема пренос.

## 2. СПОДЕЛУВАЊЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Освен како што е опишано во оваа Политика на приватност, податоците за вас кои ги собираме и чуваме не ги продаваме, не ги откриваме на друг начин, ниту ги споделуваме.

Може да ги споделиме вашите лични податоци со трети страни како што е опишано подолу:

- даватели на услуги кои се трета страна, кои биле назначени за обработувачи на податоци за да вршат функции и услуги во наше име и на кои ќе им бидат дадени само личните податоци што се потребни за давање на услугите во наше име, но не се овластени од наша страна да ги употребуваат таквите податоци за какви било други цели (на пр. даватели на услуги во веб хостинг, обработка на плаќања, системи за информатичка технологија, управување со односи со клиенти);
- локални дилери и даватели на технички услуги кои ни асистираат во спроведување договор или усогласување со важечки законски обврски или ако е потребно за нашите легитимни интереси;
- ако на тоа сме обврзани со закон или во согласност со правниот процес или да почитуваме кои било важечки правила или прописи или како одговор на легитимно барање од орган за спроведување на законот или друг владин службеник и
- го задржуваме правото на пренос на лични податоци за вас во случак да продадеме или пренесеме целосно или делумно од нашиот бизнис или средства во согласност со важечкиот закон. Ако дојде до таква продажба или пренос, ќе вложиме разумни напори да го насочиме стекнувачот да ги употребува податоците што сте ни ги дале на начин што е во согласност со оваа Политика на приватност.

## 4. ПРЕНОС НА ПОДАТОЦИ

Податоците што ги собираме во врска со вас можеме да ги пренесеме и да ги чуваме во други земји покрај земјата во која се првобитно собрани, вклучувајќи ги САД или други дестинации вон Европската економска област (ЕЕО) и Обединетото Кралство. Тие земји можеби ги немаат истите закони за заштита на податоци како земјата во која сте ги дале податоците. Кога ќе ги пренесеме вашите податоци во други земји, ќе ги заштитиме податоците како што е опишано во оваа Политика на приватност и ќе ги почитуваме важечките законски обврски, обезбедувајќи соодветна заштите на преносок на податоците во земјите кои се надвор од ЕЕО и надвор од Обединетото Кралство.

Ако се наоѓате во ЕЕО или Обединетото Кралство, ќе ги пренесеме вашите лични податоци во следните случаи:

- ако земјата во која се пренесуваат личните податоци добила одлука за адекватност од Европската комисија или

- ако сме вовеле соодветни заштитни мерки во однос на преносот, на пример, имаме договорни клаузули според стандардите на ЕУ и сме побарале дополнителни заштитни мерки со примателот или примателот е страна на обврзувачки корпоративни правила кои се одобрени од надзорен орган на ЕУ или ОК.

## 5. ЗАКОНСКИ ПРАВА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ПОДАТОЦИ

Како субјект на податоци, можете да барате информации за обработката на вашите лични податоди и да барате исправка на вашите лични податоци или бришење на тие податоци - со исклучок на задолжителната обработка на податоци - повлекување на податоците, можете да го искористите вашето право на преносливост на податоците и приговор на начинот што е посочен при снимањето на податоците.

Согласно со членовите од 15 до 20 од ОРЗП, како жител на Европската економска област (или онаму каде што ОРЗП се применува поради други причини), ги имате следните права кога се во прашање вашите лични податоци:

а) право на информации во врска со нашата обработка;

б) право на пристап до вашите лични податоци;

в) право на исправка;

г) право на бришење на вашите податоци;

д) право на забрана на обработка;

ѓ) право на преносливост на податоците (пренос на вашите податоци кај друг контролор на податоци);

е) право да се спротиставите на нашата обработка.

Можете да ги користите вашите права преку испраќање барања до опциите за контакт на контролорот на податоци.

Имате право да бидете информирани за типовите лични податоци кои ги складираме во врска со вас. Исто така имате право да барате пристап до вашите лични податоци (право на пристап). Ако барањето влијае врз правата и слободите на другите или е евидентно неосновано или претерано, го задржуваме правото да наплатиме разумна сума за тоа или, во исклучителни случаи, да одбиеме да постапиме по барањето.

Имате право да ги исправите или избришете погрешните податоци или да барате забрана за обработка на податоците (право на исправка и бришење). Ако ги обработуваме вашите податоци врз основа на нашиот легитимен интерес, можете да се спротиставите на обработката на податоците (право на приговор).

Имате право и да ги добивате вашите лични податоци кои ги обработуваме во машински читлив формат којшто обично се користи и да ги препратите на друг обработувач на податоци или да побарате од нас да ги препратиме наместо вас, во случај да се исполнети законските услови (право на преносливост на податоци). Ако ги обработуваме вашите податоци врз основа на ваша согласност, можете да ја повлечете вашата согласност во секое време, но тоа нема да влијае на законитоста на претходната обработка на податоците.

Имате право да вложите жалба до надзорниот орган во земјата-членка каде што живеете, работите или местото каде што се случила претпоставената повреда, посебно ако според претпоставката за обработката на личните податоци на субјектот на податоци ги крши одредбите на ОРЗП.

**6. ПРОМЕНИ НА ОВАА ПОЛИТИКА НА КОРИСТЕЊЕ КОЛАЧИЊА**

Кога ќе има потреба, ќе ја ажурираме оваа Политика на користење колачиња за да ги рефлектира промените во важечкото законодавство, нашите производи, кои лични информации ги собираме или како ги употребуваме личните информации. Кога ќе објавиме промени во Политиката, ќе го промениме и датумот во „Ажурирано на“ на почетокот на Политиката. Ако внесеме материјални промени во Политиката, ќе дадеме известување или ќе добиеме согласност за таквите промени како што е утврдено со закон.